ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

*Број: 02 - 4074/2*
*24.06.2010 година*
*С к о п ј е*

***ЗАПИСНИК***
***од LXXIV -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 17.03.2010 година со почеток во 14.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *М-р Маја Парнарциева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*

*   *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии (делумно присутна);*
*   *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи (делумно присутен);*
*   *Златко Алексов, директор на секторот за јавни набавки (делумно присутен);*
*   *Соња Златановска, републички контролор инспектор од секторот за фармација (делумно присутна);*
*   *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*На седницата во врска со точката „Информација од комисијата за референтни цени на лекови“ присуствуваше и Д-р Тончи Бубле, стручен консултант за референтни цени на лекови од Хрватска.*

*Седницата ја отвори претседателот на Управниот одбор Елена Трпковска. Утврди дека на седницата се присутни шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го изложи претходно доставениот*

### *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LXX-та седница на Управниот одбор одржана на 16.02.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXI-та седница на Управниот одбор одржана на 24.02.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXII-та седница на Управниот одбор одржана на 08.03.2010 година;*

1. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарната стоматолошка здравствена заштита;*
2. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година;*
3. *Одлука за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
4. *Предлог за утврдување на висината на надоместокот кој Фондот за здравствено осигурување на Македонија ќе го исплати на здравствените установи Мала Богородица - Систина, Ремедика, Плодност,*

*Ултрамедика, и Д-р Органциски за здравствени услуги извршени на осигурените лица на Фондот во вториот квартал на 2010 година;*

5. *Предлог за утврдување на цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита;*
6. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита;*
7. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита;*
8. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко - консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита;*
9. *Одлука за утврдување на формата и содржината на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица;*
10. *Одлука за утврдување на формата и содржината на анексот на договорот што Фондот за здравствено осигурување на Македонија го склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги од областа на биомедицински потпопомогнатото оплодување во интерес на осигурените лица;*
11. *Информација за иницијативата за склучување на договор од новиот приватен центар за дијализа;*
12. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
13. *Предлог за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
14. *Информација од комисијата за референтни цени на лекови;*
15. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
16. *Одлука за утврдување на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија што се сметаат за скапи лекови;*
17. *Разно.*

*Потоа извести дека записниците од LXX-та, LXXI -та и LXXII-та не се доставени, па не може да се разгледаат заради усвојување, и побара точката 1 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарната стоматолошка здравствена заштита да се симне од дневниот ред. Ова од причина што во врска со неа сеуште не е постигната согласност помеѓу Фондот и Министерството за здравство. На крајот праша дали има други предлози во врска со дневниот ред на седницата.*

*Директорите Парнарциева - Змејкова и Јелникар предложија и точките 5 - Предлог за утврдување на цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита, 6 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита, 7 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита, 8 - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко - консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита, 9 - Одлука за утврдување на формата и содржината на договорите што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица, и 16 - Одлука за утврдување на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија што се сметаат за скапи лекови да се симнат од дневниот ред. Ова поради што овие точки не се целосно подготвени за разгледување и одлучување.*

*Управниот одбор ги прифати предлозите на претседателката Елена Трпковска и директорите Парнарциева - Змејкова и Јелникар, по што едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

1. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година;*
2. *Одлука за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*

3. *Предлог за утврдување на висината на надоместокот кој Фондот за здравствено осигурување на Македонија ќе го исплати на здравствените установи Мала Богородица - Систина, Ремедика, Плодност, Ултрамедика, и Д-р Органџиски за здравствени услуги извршени на осигурените лица на Фондот во вториот квартал на 2010 година;*
4. *Одлука за утврдување на формата и содржината на анексот на договорот што Фондот за здравствено осигурување на Македонија го склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги од областа на биомедицински потпопомогнатото оплодување во интерес на осигурените лица;*
5. *Информација за иницијативата за склучување на договор од новиот приватен центар за дијализа;*
6. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
7. *Предлог за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
8. *Информација од комисијата за референтни цени на лекови;*
9. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
10. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

*ТОЧКА 1 - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година*

*Под оваа точка се расправаше за изменување на висината на буџетскиот плафон на Стоматолошкиот клинички центар.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова потсети дека за Стоматолошкиот клинички центар се разговараше и на минатата седница кога неговото работење беше разгледано од аспект на неговата правна положба и можноста да дава услуги од примарната стоматолошка здравствена заштита. Тогаш беше заклучено, до Министерството за здравство да се упати писмо за средба заради наоѓање на усогласеното решение. Независно од отворените прашања што треба да се решат, се предлага да се изврши измена на буџетскиот плафон за првиот квартал на 2010 година што се должи на обезбедувањето на здравствени услуги, а истата е во согласност со критериумите за утврдување на буџетските плафони на јавните здравствени установи.*

*Лазар Трајчев извести дека од Министерството за здравство е побарано да даде мислење во врска со потребата од дефинирање на статусот на Стоматолошкиот клинички центар, за што сеуште се чека одговор.*

*Беким Сали пак наведе дека Стоматолошкиот клинички центар врши образовна дејност и дека дејноста од примарната стоматолошка здравствена заштита е во служба на оваа образовна дејност. Наведе и дека Министерството за здравство ќе побара од Владата на Република Македонија да одлучи за третманот што треба да го има оваа здравствена и образовна установа.*

*По ова се разви дискусија помеѓу членовите на Управниот одбор, по која едногласно се донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година***

*со која се изврши промена на буџетскиот плафон на Стоматолошкиот клинички центар.*

*Во врска со правниот статус на Стоматолошкиот клинички центар и дилемата дали Фондот треба да плаќа услуги од примарната стоматолошка здравствена заштита дадени од оваа установа, застана на ставот да се очекува Владата и Министерството за здравство да ги расчистат прашањата околу неговиот статус и финансирањето на неговата образовна дејност, по што Фондот да постапува согласно правните прописи и важечките решенија за вршење на дејноста.*

**ТОЧКА 2 -** *Одлука за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова наведе дека утврдувањето на буџетските плафони во Фондот се трудевме да го направиме преку дефинирање на пакети на услуги и ДСГ системот на финансирање. За жал не успеавме, а се надеваме дека тоа ќе успееме да го примениме во 2011 година.*

*Љубиша Каранфиловски се осврна на буџетскиот плафон на Здравствениот дом Битола. Наведе дека на оваа здравствена установа плафонот за првиот квартал и бил намален заради тоа што имала депозит на сметката. Од таа причина, плафонот во 2010 споредено со 2009 година и бил намален за 15%.*

*Меѓутоа, во следните квартали тие немаат депозит зашто тој е veќе потрошен. Има информација од менаџерскиот тим на Здравствениот дом Битола дека за инсулинот ќе има недостаток од 10 милиони денари до крајот на 2010 ако не се интервенира во буџетскиот плафон и негово зголемување за 10 милиони. Сметат дека плафонот на овој здравствен дом процентуално споредено со другите ЈЗУ е премногу намален. Ако намалувањето во првиот квартал беше заради депозитот, треба да се знае дека сега тој е потрошен и да се размислува за негово зголемување.*

*Потоа се разгледуваа предложените буџетски плафони и на другите јавни здравствени установи. Членовите на Управниот одбор поставуваа прашања а претставниците на Фондот даваа одговори.*

*Татјана Лукановска наведе дека на сите установи им е објаснето како и зошто им е утврдена токму таа висина на буџетски плафон. Некои од нив сеуште имаат депозити. Додаде и дека Заводот за трансфузиологија ќе го промени статусот во институт, па заради таа промена во април ќе биде потребен ребаланс, и дека сеуште не сме подготвени за централизација на инсулинот. Се надеваме дека тоа ќе може да се спроведе во 2011 година.*

*Потоа Директорката Парнарџиева - Змејкова заклучи дека нема задоволна јавна здравствена установа од буџетскиот плафон бидејќи со ваквите плафони нема средства за развој. Потоа нагласи дека Фондот не може да продолжи да издвојува средства за плаќање на администрацијата на здравствените домови, и побара Управниот одбор да ја поддржи определеноста ова да биде последна година во која тоа го прави. Управниот одбор го поддржа барањето, па во таа смисла донесе и*

***Заклучок:*** *Почнувајќи од 2011 година, Фондот во буџетските плафони на здравствените домови да не вклучува средства за нивната администрација.*

*По ова, Управниот одбор едногласно ја донесе и предложената*

***Одлука***
***за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година***

*ТОЧКА 3 - Предлог за утврдување на висината на надоместокот кој Фондот за здравствено осигурување на Македонија ќе го исплати на здравствените установи Мала Богородица - Систина, Ремедика, Плодност, Ултрамедика, и Д-р Органџиски за здравствени услуги извршени на осигурените лица на Фондот во вториот квартал на 2010 година.*

*Објаснување на предлогот даде Татјана Лукановска. Наведе дека за оваа година за бпо услуги се предвидуваат 110 милиони со вклучување на уште една здравствена установа што дава вакви услуги од Штип.*

*Љубиша Каранфиловски пак укажа на потребата средствата наменети за биомедицински потпомогнато оплодување, да се распределуваат на здравствените установи што даваат вакви услуги врз основа на успешноста што ја покажува одделната установа во биомедицински потпомогнато то оплодување. Средствата треба да се насочуваат кај успешните установи.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати***
***на Општата болница РЕ МЕДИКА, Скопје за вториот квартал на 2010 година за здравствени услуги од областа на биомедицински потпомогнатото оплодување***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати***
***на Специјалната гинеколошка ординација Плодност - Битола за вториот квартал на 2010 година, за здравствени услуги од областа на биомедицински потпомогнатото оплодување***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати***
***на Специјалистичката ординација по гинекологија и акушерство Ултра Медика - Скопје за вториот квартал на 2010 година за здравствени услуги од областа на биомедицински потпомогнатото оплодување***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати***
***на Поликлиниката Д-р Органџиски - Штип за вториот квартал на 2010 година за здравствени услуги од областа на биомедицински потпомогнатото оплодување***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати***

***на Специјалната болница по гинекологија и акушерство Мала Богородица - Систина од Скопје за вториот квартал на 2010 година, за здравствени услуги од областа на биомедицински потпомогнатото оплодување***

*со кои ја утврди висината на средствата што Фондот ќе ги исплати на здравствените установи за услуги од областа на биомедицински потпомогнатото оплодување дадени на осигурените лица.*

*Покрај тоа, едногласно донесе и*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на договорот за пружање и плаќање здравствени услуги за биомедицински потпопомогнато оплодување***

*ТОЧКА 4 - Одлука за утврдување на формата и содржината на анексот на договорот што Фондот за здравствено осигурување на Македонија го склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги од областа на биомедицински потпопомогнатото оплодување во интерес на осигурените лица*

*Во врска со оваа точка на дневниот ред објаснување даде Лазар Трајчев. Објасни дека е предложена формата и содржината на анекс на договор за купување на здравствени услуги од областа на биомедицински потпопомогнатото оплодување, кој би се применувал во периодот од 1 април до 30 јуни 2010 година, односно до утврдувањето на нов начин на остварување на правото на биомедицински потпомогнато оплодување согласно барањата на Управниот одбор од минатата седница.*

*По ова, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на анексот на договорот што Фондот за здравствено осигурување на Македонија го склучува со здравствените установи заради купување на здравствени услуги од областа на биомедицински потпопомогнатото оплодување во интерес на осигурените лица***

*ТОЧКА 5 - Информација за склучувањето на договор со новиот приватен центар за дијализа*

*Татјана Лукановска го запозна Управниот одбор дека Фондот го посетиле претставници на белгиско - јапонска компанија кои изразиле интерес да склучат договор со Фондот за обезбедување на услуги од областа на хемодијализата. Известиле дека им е позната нашата референтна цена и забележале дека таа е недоволна за покривање на сите трошоци неопходни за давање на услугата. Укажале дека во земјите на регионот таа е околу 120 евра а во Македонија е 80 евра.*

*Потоа наведе дека Фондот има намера подробно да ја разгледа оваа материја па да се види дали нашата цена е соодветна. Додаде и дека моментната состојба со добивањето на услуги од областа на хемодијализата е таква што 43 пациенти од Скопје се принудени да патуваат во Струга за добивање на услугата. Тоа ги изложува на големи напори зашто хемодијализата се врши три пати во неделата, а патот до Струга и назад одзема цел ден. На некој начин 43 осигурени лица не се соодветно згрижени во системот. За склучување на договор со белгиско - јапонската компанија за третирање на овие лица ќе бидат потребни околу 22 милиони денари.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова додаде дека на разговорот било побарано од Фондот доколку биде подготвен, да отпочнат со работа во месец април.*

***ТОЧКА 6*** *- Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Златко Алексов објасни дека предложената измена на планот за јавни набавки е изготвена врз основа на дополнителните барања од сите сектори на Фондот. Измените се однесуваат на многу постапки за јавни набавки и тоа кај сите сектори.*

*Елена Трпковска укажа да не се објавуваат огласи ако не се обезбедени средства за одделна набавка. Побара објаснување за средствата предвидени за ангажирање работници на определено време.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова објасни дека тие средства се неопходни од причина што одреден број работници се пензионираат а на нивните места нема нови вработувања.*

*По ова, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*ТОЧКА 7 - Предлог за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Во врска со оваа точка, Соња Златановска објасни дека од Комисијата за ревидирање на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија основана од министерот за здравство, е предложено да се извршат измени во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот. Предлогот е дел од материјалите за работа за седницата кои се поделени на членовите на Управниот одбор.*

*Од стручната служба на Фондот пак се предлага во Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот да се извршат следните измени: 1. да се додадат заштитени имиња со АТС код G03GA01, и 2. да се бришат сите заштитени имиња со АТЦ код B03AB04, генерика ferric III hydroxyde polymaltose complex, кои не се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот. Ова од причина што со одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување објавена во Службен весник на РМ број 33/2010, направена е техничка грешка во однос на бришење по АТС код G03GA01, со што се избришани сите заштитени имиња на лекови за тој АТЦ код. Од АТС кодот GO3GA01 согласно предлогот се бришеше само лекот со заштитено име OVITRELLE производител Serono.*

*Во однос на вториот предлог, наведе дека согласно решенијата за ставање во промет, добиени од производителот, лековите дадени во прилогот 1 на материјалот кој го разгледува Управниот одбор, не се на Листата на лекови на товар на Фондот, односно се со АТС код BO3AB05, генерика dextriferron.*

*Директорот Јелникар додаде дека тој лек бил под една генерика а сега е под друга. Заради тоа е потребно да се изврши измена и во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*и*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со кои ги изврши предложените измени.*

*ТОЧКА 8 - Информација од комисијата за референтни цени на лекови*

*Информацијата пред Управниот одбор ја изложи Тончи Бубле, стручен консултант за референтни цени на лекови од Хрватска. Објасни дека се закажани 14 состаноци со овластените субјекти кои имале забелешки на предлог референтните цени. Наведе и дека има неколку работи што треба да се направат во врска со предлог референтните цени. Најпрвин, има грешки во пресметувањето кои ќе треба да се коригираат. Друга работа е изедначувањето на дозите на лековите. Трето, кај некои лекови се случила измена на единствената цена по утврдувањето на предлог цените, па треба да се види дали тоа ќе има влијание на референтната цена. Покрај ова, одредени лекови се без цена, односно имало проблем при наоѓањето на цена од референтните земји (на пример зашто во некои земји го немало тој лек). За овие лекови ќе треба да се направи фармако - економска анализа. На крајот, постојат и лекови кои се исклучоци. Најчесто тоа се лекови за специфична индикација или специфична возрасна група. За ваквите случаи треба да се има социјална чуствителност и за таквите лекови не треба да има доплата. Потоа наведе неколку такви примери, како лекови што се користат во онкологијата и во врска со извршени трансплантации. Наведе и дека кај првата линија на терапија не би требало да има доплата. Потребно е Управниот одбор да даде зелено светло за овие исклучоци. На крајот предложи и сета онаа поевтина генерика што може да се појави во меѓувреме да се вклучи при следната ревизија. Засега има неколку такви примери кои би било добро да се вклучат во одлуката за утврдување на референтни цени.*

*По изложената информација, Управниот одбор ги поддржа предлозите на Тончи Бубле во врска со предлог референтните цени на лековите и донесе да се коригираат грешките во пресметувањето, да се изврши изедначување на цените согласно дозите, да се провери дали заради промената на единствената цена кај некои лекови треба да се коригира и предложената референтна цена, за лековите за кои имало проблем при наоѓањето на цена од референтните земји, да се направи фармако - економска анализа, кај лековите за специфична индикација или специфична возрасна група да се обезбеди да нема доплата, а кај лековите за првата линија на терапија да нема доплата. Исто така го поддржа и предлогот поевтината генерика што може да се појави во меѓувреме да се вклучи при следната ревизија.*

*ТОЧКА 9 - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Предложената Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Управниот одбор ја донесе по расправата во рамките на точката 7 од дневниот ред.*

***ТОЧКА 10*** *- Разно*

*Бидејќи немаше предлози за разгледување под точката разно, по разгледувањето на точката 9, во 16.45 часот Управниот одбор заврши со работата на LXXIV -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Елена Трпковска***